# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

14 мај 2025 | Излегува по потреба | Година XX | број 8



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА<br>ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА РАСХОДУВАЊЕ<br>И ОТТУЃУВАЊЕ НА СТАРИ И НЕУПОТРЕБЛИВИ СТВАРИ, НА<br>ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 13 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5499/1**<br>**од 14 мај 2025 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-2459/1 од 17.04.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на педесет и деветтата седница одржана на 13 мај 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА РАСХОДУВАЊЕ И ОТТУЃУВАЊЕ НА СТАРИ И НЕУПОТРЕБЛИВИ СТВАРИ, НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за усвојување на извештајот на пописната комисија, бр.02-63/3 од 07.02.2025 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4583/3**
**од 13 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОТВОРАЊЕ НА 3 (ТРИ) ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИ ГРУПИ, ВО ОБЈЕКТИТЕ "СОНЧОГЛЕД", "ТЕМЈАНУШКА" И "КАЛИНКА" НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за отворање на 3 (три) воспитно - образовни групи, во објектите "Сончоглед", "Темјанушка" и "Калинка" на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 13 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5499/2**
**од 14 мај 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 236/22 и 17/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.18-2772/1 од 06.05.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на педесет и деветтата седница одржана на 13 мај 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОТВОРАЊЕ НА 3 (ТРИ) ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИ ГРУПИ, ВО ОБЈЕКТИТЕ "СОНЧОГЛЕД", "ТЕМЈАНУШКА" И "КАЛИНКА" НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за отворање на 3 (три) воспитно - образовни групи, во објектите ''Сончоглед'', ''Темјанушка'' и ''Калинка'' на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, врз основа на барање бр.18-2772/1 од 06.05.2025 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4583/4**
**од 13 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА
ЗДРУЖЕНИЕ КРИЗЕН ЦЕНТАР ''НАДЕЖ'', ЗА ПОДДРШКА
ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ПОМОШ, ПОДДРШКА
И ЗАШТИТА НА ЖРТВИ ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на Здружение Кризен центар ''Надеж'', за поддршка при реализација на проект за помош, поддршка и заштита на жртви од семејно насилство, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 13 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5499/3
од 14 мај 2025 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 2 од Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.24/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на Здружение Кризен Центар ''Надеж'', бр.09-1225/1 од 21.02.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на педесет и деветтата седница одржана на 13 мај 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЕ КРИЗЕН ЦЕНТАР ''НАДЕЖ'', ЗА ПОДДРШКА ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ПОМОШ, ПОДДРШКА И ЗАШТИТА НА ЖРТВИ ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Гази Баба доделува финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година на Здружение Кризен Центар ''Надеж'', за поддршка при реализација на проект за помош, поддршка и заштита на жртви од семејно насилство, врз основа на барање бр.09-1225/1 од 21.02.2025 година.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се одобруваат средства во износ од 200.000,00 денари, кои ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, Програма - АО - Совет на општина, постојана и тековна резерва, ставка 413.

**Член 3**

Одобрените средства ќе се уплатат на сметка на здружението.

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4583/5**
**од 13 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ''Ф'' НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање ''Ф'' на Општина Гази Баба за 2025 година, за поддршка при реализација на проект за помош, поддршка и заштита на жртви од семејно насилство, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 13 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5499/4**
**од 14 мај 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и деветтата седница одржана на 13 мај 2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

1. Во Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2025 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.24/24), во точка "6.Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба", потточка "6.3. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште во населените места и вон населените места на Општина Гази Баба", во табеларниот преглед по ред 3 се додава нов ред 4 и истиот се менува и гласи:

| | Вид на објект | Прва зона | Втора зона | Трета зона |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Станбени објекти | 15 евра | 10 евра | 5 евра |
| 2 | Деловни, јавни и производни објекти; Енергетски градби ( Г-1.9; Г-3.7; Е-3.1; Е-1.13; Г-2.8, Г-1.1; Г-1.4; Г-1.2; Г-1.5; Г-1.6 и Г-1.3 ) и Земјоделски згради | 30 евра | 15 евра | 10 евра |
| 3 | Индустриски згради од лесна и преработувачка индустрија<br><br>Г2- Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија<br><br>Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги<br>Г4 - Стоваришта, складови и отпади | 3000 евра | 1500 евра | 1000 евра |
| **4** | **Придружни содржини - намени за:**<br><br>**Г2- Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија**<br><br>**Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги**<br><br>**Г4 - Стоваришта, складови и отпади** | **30 евра** | **15 евра** | **10 евра** |

2. Во текстуалниот описен дел под табеларниот преглед, во првиот ред зборовите "точка 1-3" се заменуваат со зборовите **"точка 1-4"**.

3. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4583/6**
**од 13 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 01, БЛОК 03, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023 - 2028)**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 13 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5499/5**
**од 14 мај 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 27 став (8) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и деветтата седница одржана на 13 мај 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 01, БЛОК 03, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023 - 2028)

### Член 1

(1) Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028).

(2) Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012 - 2022 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/12) Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

### Член 2

(1) Границата на планскиот опфат на Блокот СИ 01.03, кој зафаќа 10,395 ха, а во рамки на регулација 8,32 ха, и е оформена по осовина на улична мрежа и тоа:

- од север со транзитна магистрала Бул. "Александар Македонски",
- од североисток со сервисна улица С3 "А" и С3 "Б", односно ул."Благоја Стефковски" (ул."Магдалена Антова"),
- од југоисток со градска магистрала ул."15-ти Корпус" и
- од југозапад со сервисна улица С2 "А" и С2 "Б". Улиците С2 - "А" и С2 "Б" (улица "1658").

(2) Надморската висина се движи во границите од 242 до 255 метри.

(3) Вкупната површина опфатена во рамките на граница на планскиот опфат изнесува (103955.714 м² ) **10,395 ха.**

(4) **Прекршни точки на планскиот опфат се следни:**
Површина 103955.714
Периметар 1852.666

| Р.б | нај | Y | X |
|---|---|---|---|
| 5 | Северна | 4651185.222 | 7539888.517 |
| 27 | Источна | 4650914.802 | 7540555.645 |
| 26 | Јужна | 4650856.380 | 7540353.058 |
| 7 | Западна | 4651140.733 | 7539708.420 |

| Р.б. | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 4651155.601 | 7540048.391 |

Лак 1 испакнатост 0.042
центар 7539954.071; 4650956.846
радиус 2.200.000
почетен агол 65
краен агол 74

| Р.б. | Y | X |
|---|---|---|
| 2 | 4651168.554 | 7540013.902 |

Лак 2 испакнатост 0.037
центар 7539954.071; 4650956.846
радиус 2.200.000
почетен агол 74
краен агол 83

| Р.б. | Y | X |
|---|---|---|
| 3 | 4651175.005 | 7539982.471 |

Лак 3 испакнатост 0.005
центар 7539954.071; 4650956.846
радиус 2.200.000
почетен агол 83
краен агол 84

| Р.б. | Y | X |
|---|---|---|
| 4 | 4651175.569 | 7539977.735 |
| 5 | 4651185.222 | 7539888.517 |
| 6 | 4651165.084 | 7539807.192 |
| 7 | 4651140.733 | 7539708.420 |
| 8 | 4651104.808 | 7539717.277 |

Лак 4 испакнатост - 0.114
центар 7539736.428; 4651027.134
радиус 800.000
почетен агол 104
краен агол 78

| Р.б. | Y | X |
|---|---|---|
| 9 | 4651105.369 | 7539753.139 |

Лак 5 испакнатост -0.1306
центар 7539736.428; 4651027.134
радиус 600.000
почетен агол 78
краен агол 52

| Р.б | Y | X |
|---|---|---|
| 10 | 4651090.205 | 7539785.642 |
| 11 | 4651062.390 | 7539821.288 |

Лак 6 испакнатост 0.1306
центар 7539858.199; 4651109.694
радиус 600.000
почетен агол 232
краен агол 262

| Р.б | Y | X |
|---|---|---|
| 12 | 4651050.307 | 7539849.643 |
| 13 | 4651048.529 | 7539861.981 |
| 14 | 4651046.394 | 7539876.803 |

Лак 7 испакнатост -0.0723
центар 7539865.395; 4650967.211
радиус 800.000
почетен агол 82

краен агол 65

| Р.б | Y | X |
|---|---|---|
| 15 | 4651039.875 | 7539898.863 |
| 16 | 4650995.352 | 7539995.528 |

Лак 8 испакнатост 0.1086
центар 7540028.995; 4651068.015
радиус 800.000
почетен агол 245
краен агол 270

| Р.б | Y | X |
|---|---|---|
| 17 | 4650988.015 | 7540029.093 |
| 18 | 4650988.037 | 7540046.902 |
| 19 | 4650988.061 | 7540066.865 |

Лак 9 испакнатост -0.1164
центар 7540066.963; 4650908.061
радиус 800.000
почетен агол 90
краен агол 64

| Р.б | Y | X |
|---|---|---|
| 20 | 4650979.666 | 7540102.638 |
| 21 | 4650917.501 | 7540227.414 |
| 22 | 4650896.213 | 7540270.142 |

Лак10 испакнатост 0.0070
центар 7540493.1112;4651343.7446
радиус 5.000.000
почетен агол 244
краен агол 245

| Р.б | Y | X |
|---|---|---|
| 23 | 4650890.148 | 7540282.755 |
| 24 | 4650877.218 | 7540310.635 |

Лак 11 испакнатост -0.0065
центар 7540100.2779;4650423.6215
радиус 5.000.000
почетен агол 65
краен агол 64

| Р.б | Y | X |
|---|---|---|
| 25 | 4650871.619 | 7540322.309 |
| 26 | 4650856.380 | 7540353.058 |
| 27 | 4650914.802 | 7540555.645 |
| 28 | 4650968.109 | 7540444.147 |
| 29 | 4651004.446 | 7540367.010 |
| 30 | 4651025.737 | 7540322.290 |
| 31 | 4651046.523 | 7540278.928 |
| 32 | 4651062.804 | 7540244.304 |
| 33 | 4651075.166 | 7540218.247 |
| 34 | 4651081.395 | 7540205.612 |
| 35 | 4651093.315 | 7540179.641 |
| 36 | 4651095.922 | 7540174.149 |

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), со тех.бр.У-175/23 од април 2025 година, изработен од Друштво за архитектонски дејности "УРБАНКОН" ДООЕЛ Скопје, содржи:

## СОДРЖИНА


**I. ОПШТА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ
- ТЕКОВНА СОСТОЈБА
- ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
- РЕШЕНИЕ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕР
- ОВЛАСТУВАЊА НА ПЛАНЕРИ

**II. ДОКУМЕНТАЦИСКА ОСНОВА**

**А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

ВОВЕД

1. ГЕОГРАФСКИ И ГЕОДЕТСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ЗА НЕГОВИТЕ КОНТАКТНИ ЗОНИ

2. ИЗВОДИ ОД ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО НА ПЛАНИРАЊЕ И ДРУГИ ПОДАТОЦИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДРУГИ РАЗВОЈНИ ДОКУМЕНТИ, ПЛАНОВИ И СТРАТЕГИИ НА РАЗВОЈ

   *2.1 ГУП на град Скопје од 2012-2022год. (Одлука бр.07-5068/1 од 3.12.2012)*

3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

4. СТУДИИ, ЕЛАБОРАТИ И РАБОТНИ МАТЕРЈАЛИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА КОНКРЕТНИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТИ

5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈАТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

   *5.1 Геолошки состав*
   *5.2 Геомеханички карактеристики*
   *5.3 Педолошки карактеристики*
   *5.4 Геофизички карактеристики*
   *5.5 Сеизмички карактеристики*
   *5.6 Хидрометролошки карактеристики*
   *5.7 Хидролошки карактеристики*
   *5.8 Климатски карактеристики*
   *5.9 Географски карактеристики*
   *5.10 Шумарски карактеристики*
   *5.11 Еколошки карактеристики и заштитени природни блага*

6. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ СЕ РЕЛЕВАНТНИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОСТОРОТ И ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

   *6.1 Архитектонско-градежни чинители*
   *6.2 Демографски чинители*
   *6.3 Станбени чинители*
   *6.4 Социо-економски чинители*
   *6.5 Културни чинители*
   *6.6 Здравствени чинители*

*6.7 Образовни чинители*
*6.8 Спортско-рекреативни чинители*
*6.9 Податоци за заштитено културно наследство*
*6.10 Податоци за урбано зеленило од зелениот катастар*
*6.11 Податоци за вид и степен на загадување на животната средина*
*6.12 Податоци за заштита и спасување*
*6.12 Водостопански податоци*
*6.13 Електроенергетски*
*6.14 Сообраќајни*
*6.15 Телекомуникациски*
*6.16 Топлификациска инфраструктура*
*6.17 Гасификација*
*6.18 Останата инфраструктура*

7. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, СО АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМИ И СОСТОЈБИ ВО ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, СО АНАЛИТИЧКИ ОСВРТ НА СОСТОЈБИТЕ ОД СОСЕДНИТЕ ПЛАНСКИ ОПФАТИ

8. ОЦЕНКА ЗА МОЖНОСТИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО ПРОГРАМСКИ ПРОЕКЦИИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОСТОРОТ

**В. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**

**Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ - ДОКУМЕНТАЦИСКА**

1. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА ЧЕТВРТ СИ 01(2002-2012)- Одлука бр.07-5068/1 од 3.12.2012 СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

1.1 ИЗВОД ОД РП НА ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ 2012-2022 ЗА ЧЕТВРТ СИ 01, БЛОК 03(2017-2022) – Одлука бр.07-6904/1 од 12.09.2017 СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

2. ИЗВОДИ ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ - ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ

3. ИЗВОД ОД ДУП за Локалитет Маџари - Опфат 1 - Општина Гази Баба

4. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНТ СО ОДРЕДЕНА НАМЕНА, СОСТОЈБА, СТРУКТУРА

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ И ВОДОВИТЕ ОД ВКУПНАТА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА И ДРУГА ИНФРАСТРУКТУРА И ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА УРБАНОТО И ДРУГОТО ЗЕЛЕНИЛО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

7. ОРТОФОТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

**III. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

2. ПРЕЦИЗЕН ОПИС НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СПОРЕД ГРАНИЦИТЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ СО КОИ СЕ СОВПАЃА, РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ, ОСКИ НА УЛИЦИ ИЛИ ДРУГИ ЕКСПЛИЦИТНИ ЛИНЕАРНИ СИМБОЛИ НА ГЕОДЕТСКАТА ПОДЛОГА

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ЗАФАТ И ПРЕСТАВУВААТ ОБВРСКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО КОЈ СЕ ПОСТИГААТ ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ, СО ОСВРТИ НА СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД ПЛАНИРАНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА И ОДРЕДБИ

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА
*6.1 НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ*
*6.2 СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И НИВЕЛАЦИСКО РЕШЕНИЕ*
*6.3 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА*

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА
*9.1 Мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина*
*9.2 Мерки за справување со отпад*
*9.3 Мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот*
*9.4 Мерки за заштита од разурнувања*
*9.5 Мерки за заштита и спасување од природни непогоди (земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, пожари и други)*
*9.6 Мерки за заштита на недвижното културно наследство*

**С.НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**

1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ
2. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

**В. ГРАФИЧКИ ДЕЛ - ПЛАНСКА**

1. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ
2. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН
3. ПЛАН НА ПАРЦЕЛАЦИЈА
4. ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ
5. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН
6. ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО
7. ХИДРОТЕХНИЧКИ ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН
8.ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ, ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ И ГАСОВОДЕН ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН
9. СИНТЕЗЕН СООБРАЌАЕН И ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН
10.СИНТЕЗЕН ПЛАН

**IV. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН**

1. ПЛАНСКА ПРОГРАМА
2. ИЗВОДИ ОД УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
3. ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
4. ПОДАТОЦИ ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА
5. МИСЛЕЊА ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА (РАБОТНА ВЕРЗИЈА)
6. НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
7. СТРУЧНА РЕВИЗИЈА НА НАЦРТ ПЛАН
8. ИЗВЕШТАЈ ОД СТРУЧНА РАСПРАВА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
9. ИЗВЕШТАЈ ОД ЈАВНА АНКЕТА ЗА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
10. МИСЛЕЊА ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА (НАЦРТ ПЛАН)
11. СТРУЧНА РЕВИЗИЈА НА ПРЕДЛОГ ПЛАН
12. ИЗВЕШТАЈ ОД ПОВТОРНА ЈАВНА АНКЕТА ЗА ПРЕДЛОГ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
13. МИСЛЕЊА НА ПРЕДЛОГ ПЛАН
14. СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, изготвени во согласност со Законот за урбанистичко планирање (''Службен весник на РСМ'' бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (''Службен весник на РСМ'' бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

**Член 4**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план е должен примерок од донесениот Детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план се применува по прикачување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4583/7**
**од 13 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД "ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за примање на донација од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 13 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5499/6**
**од 14 мај 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и деветтата седница одржана на 13 мај 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД "ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ СКОПЈЕ**

**Член 1**

Во Одлуката за примање на донација од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.7/25), членот 4 се менува и гласи:

"За реализација на оваа одлука, со почетокот на изведбата на реконструкцијата на улицата, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи."

**Член 2**

(1) По членот 4 се додава нов член "5" кој гласи:

"Член 5

За реализација на оваа одлука, односно за реализација на договорот за донација, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи трипартитен договор за градење - реконструкција, во писмена форма, помеѓу Општина Гази Баба како носител на правото на градење, со изведувачот кој ќе биде избран од давателот на донацијата и со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи и Законот за градење."

(2) Членовите 5 и 6 стануваат членови 6 и 7.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4583/8**
**од 13 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - МАРТ 2025 ГОДИНА

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 13 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5499/7**
**од 14 мај 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 32 став (2) и став (4) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2025 година, Советот на Општина Гази Баба на педесет и деветтата седница одржана на 13 мај 2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - МАРТ 2025 ГОДИНА**

1. Се усвојува извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2025 година.

2. Градоначалникот на Општина Гази Баба во рок од 5 (пет) од денот на усвојувањето на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2025 година ја известува јавноста со објавување на содржината на извештајот на веб страницата на општината, во согласност со закон.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-4583/9**
**од 13 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

МАРТ 2025

# ИЗВЕШТАИ (К1,К2 И К3) ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## ПРВ КВАРТАЛ: ЈАНУАРИ-МАРТ 2025

# РЕЗИМЕ НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПРВ КВАРТАЛ 2025

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИХОДИТЕ НА ОПШТИНАТА

- ✓ **Реализацијата на вкупните приходи на општината во првиот квартал од 2025износува 22,74 %, и истата е намалена за 0,17 % во однос на истиот период од 2024 год.**

- ✓ **Реализацијата на основниот (сопствениот) буџет општината на приходната страна во првиот квартал од 2025износува 21,94 %, и истата е намелна за 6,27% во однос на истиот период од 2024 год.**

- ✓ **Реализацијата на даночните приходи на општината изнесува 30,08 % и истата е зголемена за 99,43 % во однос на истиот период од 2024 год.**

- ✓ **Реализацијата на капиталните приходи на општината изнесува 20,63% и истата е намалена за 43,25% во однос на истиот период од 2024 год.**

- ✓ **Учеството на дотациите од централната власт во вкупната реализација на буџетот на општината во првиот квартал изнесува 23,69%**

- ✓ **Општината остварила приходи од самофинансирачки активности во износ од 6.841.851 денари, нивната реализација во однос на планот изнесува 17,10%. Истите се намалени за 6,31 % во однос на истиот период од 2024 год.**

- ✓ **Општината во првиот квартал од 2025остварила донации во износ од 4.583.816 денари.**

- ✓ **Највисока реализација во однос на планираното во делот на приходите на општината е забележана кај следниве приходни ставки: приходи од данок на плати на вработени лица во трговски друштва и јавни претпријатија, со реализација од 24,28%, данок на промет на недвижности, со реализација од 20,80% и данок на промет на недвижности по повисока стапка, со реализација од 20,79%. Најниска реализација во однос на планираното во делот на приходите на општината е забележана кај следниве приходни ставки останати неданочни приходи , со релизација од 1,72%, приходи од надомест за вадење песок, со реализација од 1,95%.**

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАСХОДИТЕ НА ОПШТИНАТА**

- ✓ **Реализацијата на вкупните расходи на општината во првиот квартал од 2025изнесува 21,46 %, и истата е намалена за 4,13 % во однос на истиот период од 2024 год.**

- ✓ **Реализацијата на расходите за плати и надоместоци на општината изнесува 23,66% и истата е зголемена за 7,85 % во однос на истиот период од 2024 год.**

- ✓ **Реализацијата на расходите за стоки и услуги на општината изнесува 22,20% и истата е зголемена за 7,16% во однос на истиот период од 2024 год.**
- ✓ **Најголеми износи на расходи во делот на стоките и услугите се релизирани за комунални услуги , со реализација од 27.256.670 денари, поправки и тековно одржување , со реализација од 18.721.400 денари и материјали и ситен инвентар , со реализација од 15.081.268 денари.**
- ✓ **Реализацијата на капиталните расходи на општината изнесува 19,17% и истата е намаленаза 24,32% во однос на истиот период од 2024 год.**

- **Најголеми износи на расходи во делот на капиталните расходи се релизирани за други градежни објекти , со реализација од 109.232.547 денари и купување на опрема и машини , со реализација од 274.704 денари.**

- ✓ **Реализацијата на расходите во програмата за урбано планирање изнесува 29,25% и истата е намалена за 40,22 % во однос на истиот период од 2024 год.**
- ✓ **Реализацијата на расходите во програмата за комунални дејности изнесува 26,79% и истата е зголемена за 14,32% во однос на истиот период од 2024 год.**
- ✓ **Реализацијата на расходите во програмата за социјална заштита и заштита на деца изнесува 16,52 % и истата е зголемена за 7,35% во однос на истиот период од 2024 год.**

**ОБВРСКИ И ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНАТА**

- ✓ **Вкупните обврски на општината до 30 дена (доспеани,а неплатени) во првиот квартал од 2025год. изнесуваат 0 денари.**

- ✓ **Вкупните обврски на општината до 60 дена (доспеани,а неплатени) во првиот квартал од 2024год. изнесуваат 25.342.705 денари, и се зголемени за 22.621.753 денари во однос на истиот период од 2024 год.**

- ✓ **Вкупните обврски на општината над 60 дена (доспеани, а неплатени)**

**во првиот квартал од 2024год. изнесуваат 0 денари, и се во ист износ во однос на истиот период од 2024 год.**

- ✓ **Од нив 25.342.705 денари се неутужени.**
- ✓ **Вкупните доспеани, а неплатени обврски на општината во првиот квартал од 2025год. изнесуваат 25.342.705 денари, и се зголемени за 22.621.753 денари во однос на истиот период од 2024 год.**
- ✓ **Вкупното задолжување на општината по основ на кредитирање заклучно со првиот квартал од 2025год. изнесува 50.389.697 денари, во првиот квартал од 2025год. општината нема ново задолжување, додека исплатите по претходно задолжување во првиот квартал од 2025год. изнесуваат3.599.264 денари.**
- ✓ **Вкупното задолжување на јавните претпријатија основани од општините по основ на кредитирање заклучно со првиот квартал од 2025год. нема задолжување.**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНАТА

**-Општина Гази Баба** е формирана на 3 ноември 1976 година.

**-Број на жители**

Во Општина Гази Баба живеат 69.626 жители од кои според етничката припадност 64,98 % се Македонци; 20,32 % се Албанци; 0,67% се Турци; 2,76 % се Роми, 0,27 % се Власи, 1,91 % се Срби и 1,08 % се Бошњаци.

**-Просечна возраст**

**Просечна возраст**на населението во Општина Гази Баба е 35,4 години, до 20 години 27,4%, до 40 години 58,6%, 60 години и повеќе 14,4%.

**-Површина и населени места**

Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 км2 од која голем дел припаѓа на руралниот дел со 59,8 км2 обработливо земјиште. Населени места во општината се: Автокоманда, Железара, Ќерамидница, Хиподром, Маџари 1, Маџари 2, Триангла, Вардариште, Крсте Мисирков, Јане Сандански, Тубарево, Гоце Делчев, Питу Гули, Јурумлери, Колонија Идризово, Инџиково, Стајковци, Алија Авдовиќ, Страчинци, Црешево, Смиљковци, Виниче, Булачани, Раштак и Брњарци кои се организирани во 25 месни заедници, 10 во урбаниот дел и 15 во руралниот дел на општината .

## ГОДИШЕН БУЏЕТ НА ОПШТИНАТА ЗА 2025 ГОДИНА

| | План 2025 | Остварено 2025 |
|---|---|---|
| | износ | износ |
| **I ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **1.631.006.914** | **385.246.740** |
| даночни приходи | 542.169.407 | 163.098.632 |
| неданочни приходи | 77.750.000 | 8.428.560 |
| капитални приходи | 89.000.000 | 18.359.664 |
| дотации | 692.079.959 | 163.986.583 |
| трансфери | 226.544.548 | 27.273.626 |
| донации | 3.463.000 | 4.099.675 |
| | | |
| | | |
| **II ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1.686.597.328** | **381.647.476** |
| Утврдени намени | 1.685.397.328 | 380.580.809 |
| Резерви | 1.200.000 | 1.066.667 |
| | | |
| **III ДЕФИЦИТ / СУФИЦИТ** | **-55.590.414** | **3.599.264** |
| | **0** | **0** |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | **55.590.414** | **-3.599.264** |
| **Прилив** | **62.790.414** | **0** |
| приливи од домашни заеми | 0 | 0 |
| приливи од странски заеми | 0 | 0 |
| депозити | 62.790.414 | 0 |
| | | |
| **Одлив** | **7.200.000** | **3.599.264** |
| отплата на главница | 7.200.000 | 3.599.264 |

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИХОДИТЕ НА ОПШТИНАТА

Вкупните реализирани приходи на општината за првиот квартал (јануари-март 2025) изнесуваат 385.246.740 денари, или 22,74% од вкупно планираните приходи во буџетот на општината. Износот на вкупно реализираните приходи во првиот квартал од 2025 година, споредено со износот на реализираните вкупни приходи во првиот квартал од претходната година покажува намалување од 659.937 денари, додека процентот на реализација е намален за 0,17 процентни поени (пп) во споредба со првиот квартал од претходната година. (Табела бр.1)

Приходите на Основниот буџет се реализирани во износ од 209.834.490денари, или реализацијата изнесува 21,94% во однос на планираните приходи во Буџетот за 2025 година. Процентот на реализација на основниот буџет бележи намалување во износ од 6,27 процентни поени (пп) споредено со реализацијата во првиот квартал од претходната година.(Табела бр.1)

Приходите од блок дотации се реализирани во износ од 163.986.583 денари, или реализацијата изнесува 23,69% во однос на планираните приходи во Буџетот за 2025 година.

Приходите на самофинансирачки активности се реализирани во износ од 6.841.851 денари, или реализацијата изнесува 17,10% во однос на планираните приходи во Буџетот за 2025 година.(Табела бр.1)

Приходите од донации се реализирани во износ од 4.583.816денари, или реализацијата изнесува 87,25% во однос на планираните приходи во Буџетот за 2025 година.(Табела бр.1)

**Табела бр.1 (Реализација на вкупни приходи по сметки)**

| Приходна сметка | Буџет 2025 | I квартал 2025 (во ден.) | I квартал 2024 (во ден.) | I квартал 2025/ I квартал 2024 (споредбено во %) | Реализација I квартал 2025 (%) | Останува за реализација од Буџет (во ден) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општината | 956.463.955 | 209.834.490 | 223.862.484 | 93,73 | 21,94 | 746.629.465 |
| Донации | 5.253.414 | 4.583.816 | 1.107.368 | 413,94 | 87,25 | 669.598 |
| Кредити | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0 |
| Самофинансирачки активности | 40.000.000 | 6.841.851 | 7.303.028 | 93,69 | 17,10 | 33.158.149 |
| Дотации | 692.079.959 | 163.986.583 | 153.633.797 | 106,74 | 23,69 | 528.093.376 |
| Вкупен приход | 1.693.797.328 | 385.246.740 | 385.906.677 | 99,83 | 22,74 | 1.308.550.588 |

Даночните приходи се реализирани во износ од 163.098.632 денари, или реализацијата изнесува 30,08% во однос на планираните приходи во Буџетот за 2025 година. Процентот на реализација на даночните приходи бележи зголемување во износ од 99,43 процентни поени (пп) споредено со реализацијата во првиот квартал од претходната година.(Табела бр.2).

Неданочните приходи се реализирани во износ од 8.428.560 денари, или реализацијата изнесува 10,84% во однос на планираните приходи во Буџетот за 2025 година. Процентот на реализација на неданочните приходи бележи намалување во износ од 57,78 процентни поени (пп) споредено со реализацијата во првиот квартал од претходната година. (Табела бр.2)

Капиталните приходи се реализирани во износ од 18.359.664 денари, или

реализацијата изнесува 20,63% во однос на планираните приходи во Буџетот за 2025 година. (Табела бр.2)

**Табела бр.2. (Реализација на вкупни приходи по економска класификација)**

| Видови на приходи (по економска класификација) | Буџет 2025 | I квартал 2025 (во ден.) | I квартал 2024 (во ден.) | I квартал 2025/ I квартал 2024 (споредбено во %) | Реализација I квартал 2025 (%) | Останува за реализација од Буџет (во ден) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Даночни приходи** | 542.169.407 | 163.098.632 | 81.781.247 | 199,43 | 30,08 | 379.070.775 |
| **Неданочни приходи** | 77.750.000 | 8.428.560 | 19.963.774 | 42,22 | 10,84 | 69.321.440 |
| **Капитални приходи** | 89.000.000 | 18.359.664 | 32.349.742 | 56,75 | 20,63 | 70.640.336 |
| **Трансфери и донации** | 984.877.921 | 195.359.884 | 251.811.914 | 77,58 | 19,84 | 789.518.037 |
| **Задолжување во земјата** | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0 |
| **Задолжување во странство** | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0 |
| **Вкупен приход** | 1.693.797.328 | 385.246.740 | 385.906.677 | 99,83 | 22,74 | 1.308.550.588 |

Во продолжение ќе биде презентиран детален аналитички приказ на реализацијата во однос на планираното на одделните видови на приходи на буџетот на Општина Гази Баба, за првиот квартал 2025 (јануари-март), по одделни ставки и потставки.

## Квартален извештај за извршување на буџетот на општина ГАЗИ БАБА за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 до 31.03.2025 година

Општина : **ГАЗИ БАБА**
Извештаен период : **од 01.01.2025 до 31.03.2025 година**
Датум на поднесување: 15.04.2025

| | Буџет | | Самофинансир. активности | | Дотации | | Донации | | Кредити | | **ВКУПНО** | | **Останува за реализац.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | |
| **ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ :** | **689.732.874** | **174.626.949** | **40.000.000** | **6.841.851** | **692.079.959** | **163.986.583** | **5.253.414** | **4.583.816** | **0** | **0** | **1.427.066.247** | **350.039.199** | **1.077.027.048** |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ :** | **390.850.202** | **95.377.517** | **37.450.000** | **6.750.877** | **689.079.959** | **150.668.221** | **5.103.414** | **1.191.599** | **0** | **0** | **1.122.483.575** | **253.988.214** | **868.495.361** |
| **КАПИТАЛЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ :** | **266.731.081** | **35.207.541** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **266.731.081** | **35.207.541** | **231.523.540** |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ :** | **565.613.753** | **109.480.831** | **2.550.000** | **26.420** | **3.000.000** | **0** | **150.000** | **0** | **0** | **0** | **571.313.753** | **109.507.251** | **461.806.502** |
| ***ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ :*** | ***689.732.874*** | ***174.626.949*** | ***40.000.000*** | ***6.841.851*** | ***692.079.959*** | ***163.986.583*** | ***5.253.414*** | ***4.583.816*** | ***0*** | ***0*** | ***1.427.066.247*** | ***350.039.199*** | ***1.077.027.048*** |
| **71 ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **542.169.407** | **163.098.632** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **542.169.407** | **163.098.632** | **379.070.775** |
| 711 Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 64.510.000 | 14.877.894 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 64.510.000 | 14.877.894 | 49.632.106 |
| 713 Даноци на имот | 184.000.000 | 25.905.840 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 184.000.000 | 25.905.840 | 158.094.160 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 293.559.407 | 122.309.294 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 293.559.407 | 122.309.294 | 171.250.113 |
| 718 Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 100.000 | 5.604 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 5.604 | 94.396 |
| **72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **37.750.000** | **1.102.568** | **40.000.000** | **6.841.851** | **0** | **0** | **0** | **484.141** | **0** | **0** | **77.750.000** | **8.428.560** | **69.321.440** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 2.100.000 | 502.104 | 0 | 3.671 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.100.000 | 505.775 | 1.594.225 |
| 723 Такси и надоместоци | 100.000 | 0 | 40.000.000 | 6.838.180 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.100.000 | 6.838.180 | 33.261.820 |
| 725 Други неданочни приходи | 35.550.000 | 600.464 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 484.141 | 0 | 0 | 35.550.000 | 1.084.605 | 34.465.395 |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **109.813.467** | **10.425.749** | **0** | **0** | **692.079.959** | **163.986.583** | **5.253.414** | **4.099.675** | **0** | **0** | **807.146.840** | **178.512.007** | **628.634.833** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 109.813.467 | 10.425.749 | 0 | 0 | 692.079.959 | 163.986.583 | 1.790.414 | 0 | 0 | 0 | 803.683.840 | 174.412.332 | 629.271.508 |
| 742 Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.463.000 | 4.099.675 | 0 | 0 | 3.463.000 | 4.099.675 | -636.675 |
| ***ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ :*** | ***266.731.081*** | ***35.207.541*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | **266.731.081** | **35.207.541** | **231.523.540** |
| **73 КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **89.000.000** | **18.359.664** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **89.000.000** | **18.359.664** | **70.640.336** |
| 733 Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања | 89.000.000 | 18.359.664 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 89.000.000 | 18.359.664 | 70.640.336 |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **177.731.081** | **16.847.877** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **177.731.081** | **16.847.877** | **160.883.204** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 177.731.081 | 16.847.877 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 177.731.081 | 16.847.877 | 160.883.204 |

## РЕАЛИЗИРАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА ОПШТИНАТА

За периодот јануари-март 2025 година реализирани се вкупни расходи на Буџетот на општината во износ од 363.495.465 денари или **21,46%** во однос на вкупно планираните расходи кои за 2025 година изнесуваат **1.693.797.328**денари.

**Табела бр.3 (Реализација на вкупни расходи по економска класификација)**

| Видови на расходи )по економска калсификација) | Буџет 2025 | I квартал 2025 | I квартал 2024 | I квартал 2025/ I квартал 2024 (споредбено во %) | Реализација I квартал 2025 (%) | Останува за реализација од Буџет (во ден) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 680.335.000 | 160.935.053 | 149.214.382 | 107,85 | 23,66 | 519.399.947 |
| Резерви и недефинирани расходи | 1.200.000 | 1.066.667 | 0 | 0,00 | 88,89 | 133.333 |
| Стоки и услуги | 331.588.139 | 73.601.047 | 68.686.061 | 107,16 | 22,20 | 257.987.092 |
| Каматни плаќања | 4.500.000 | 1.008.326 | 1.345.069 | 74,96 | 22,41 | 3.491.674 |
| Субвенции и трансфери | 94.160.436 | 13.155.030 | 11.221.271 | 117,23 | 13,97 | 81.005.406 |
| Социјални бенефиции | 3.500.000 | 622.827 | 397.273 | 156,78 | 17,80 | 2.877.173 |
| Капитални расходи | 571.313.753 | 109.507.251 | 144.706.909 | 75,68 | 19,17 | 461.806.502 |
| Отплата на главнина | 7.200.000 | 3.599.264 | 3.599.264 | 100,00 | 49,99 | 3.600.736 |
| Вкупно расходи | 1.693.797.328 | 363.495.465 | 379.170.229 | 95,87 | 21,46 | 1.330.301.863 |

Реализацијата на расходите за плати и надоместоци на општината изнесува 23,66% и истата е зголеменаза 7,85% п.п. во однос на истиот период од 2024 год. (Табела бр.3)

Реализацијата на расходите за стоки и услуги на општината изнесува 22,20% и истата е иставо однос на истиот период од 2024 год. (Табела бр.3)

Реализацијата на расходите за субвенции и трансфери на општината изнесува 13,97% и истата е зголеменаза 17,23 п.п. во однос на истиот период од 2024 год. (Табела бр.3)

Реализацијата на капиталните расходи на општината изнесува 19,17% и истата е намаленаза 24,32 п.п. во однос на истиот период од 2024 год. (Табела бр.3)

| | Буџет | | Самофинансир. активности | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | | Останува за реализац. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | |
| ***ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ :*** | ***390.850.202*** | ***95.377.517*** | ***37.450.000*** | ***6.750.877*** | ***689.079.959*** | ***150.668.221*** | ***5.103.414*** | ***1.191.599*** | ***0*** | ***0*** | ***1.122.483.575*** | ***253.988.214*** | ***868.495.361*** |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **112.760.000** | **23.414.660** | **0** | **0** | **567.575.000** | **137.520.393** | **0** | **0** | **0** | **0** | **680.335.000** | **160.935.053** | **519.399.947** |
| 401 Основни плати | 69.520.000 | 15.027.740 | 0 | 0 | 401.075.000 | 98.999.149 | 0 | 0 | 0 | 0 | 470.595.000 | 114.026.889 | 356.568.111 |
